РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ - SHKUP

Бр. Nr. УП 1 18-617
04-07-2022 20 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19) и член 26 став 4 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и бр.229/20), а по Решение за овластување за водење на управни постапки и донесување на управни акти со бр.18-1546/1 од 08.02.2022 година на министерот за образование и наука, се донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на статутот на Општинското основно училиште „ Тошо Велков Пепето" – Кавадарци**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Статутарна одлука за изменување и дополнување на статутот на Општинското основно училиште „Тошо Велков Пепето" – Кавадарци, со бр.02-101/8 од 04.05.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

***Образложение***

До Министерството за образование и наука доставено е барање од Општинско основно училиште „Тошо Велков Пепето" – Кавадарци, заведено со наш УП 1 бр.12-617 од 08.06.2022 година, за добивање на согласност на Статутарна одлука за изменување и дополнување на статутот на ООУ „ Тошо Велков Пепето" – Кавадарци, и Одлука за усвојување на измени и дополнување на Статутот на ООУ „ Тошо Велков Пепето" – Кавадарци од Советот на Општина Кавадарци, со бр. 08-3418/17 од 31.05.2022 година.

Врз основа на барањето за согласност и увидот во документација, а согласно член 26 став 4 од Законот за основното образование, Министерството за образование и наука донесе одлука како во диспозитивот на ова решение.

***Упатство за правно средство:*** Против ова решение може да се поднесе тужба пред Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР,
Милка Масникоса

Доставено до:
-примач
-архива

Подготвил / Përgatiti: Ѓорѓи Панделиев
Прегледал / Kontrolloi: Бојан Митковски
Согласен / Pajtohet: Маја Бичиклиска

ООУ ТОШО ВЕЛКОВ-ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ
Примено: 07-07-2022
Орг. единица | Број | Вредност
01 | 175/1 |

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
ТОШО ВЕЛКОВ - ПЕПЕТО
Бр. 04- 102/8
04.05.2022 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на чл.26 точка 3 , член 108 т.1 став 1 од ЗОО(Сл.весник на РСМ бр.161/19) Училишниот Одбор на ООУ,,Тошо Велков-Пепето,, Кавадарци на состанокот одржан на ден 04.05.2022 год. година донесе

# О Д Л У К А

За донесување на измена и дополнување на Статут на училиштето

## Член 1

Училишниот Одбор на на ООУ,,Тошо Велков-Пепето,, Кавадарци го разгледа и усвои Предлог- измена и дополнување на Статутот на училиштето.

## Член 2

Предлог- измена и дополнување на статутот е усогласен со Законот за основно образование односно со Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство,злоупотреба и занемарување дел.бр.18-6570/1 од 06.07.2020 год од страна на Министерството за образование и наука .

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ООУ,,Тошо Велков-Пепето,, Кавадарци согласно Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19) и Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство,злоупотреба и занемарување дел.бр.18-6570/1 од 06.07.2020 год од страна на Министерството за образование и наука,изврши усогласување на истите и донесе Одлука за донесување на Предлог-измена и дополнување на статутот усогласен со наведените законски измени.

Одлуката се носи по втор пат согласно Известувањето од МОН УП1/12-617 од 20.04.2022 год. и е во врска укажување за додавање нов член во Статутот во кое ќе се наведе дека Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство,злоуптреба и занемарување ќе се применува во сите случаи опфатени со Упатството.

Истиот ќе биде доставен до основачот –Совет на општина Кавадарци за добивање позитивно мислење и Министерството за образование и наука за добивање согласност за негова употреба.

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

04.05.2022год.
Кавадарци

Претседател на УО
____________________
/Микица Апостолова ЈОвановиќ/

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002) а во врска со член 26 точка 4 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.161/19и 229/20) и член 82 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 11-та седница, одржана на ден 31.05.2022 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Одлука за донесување на измена и дополнување на Статут на ООУ„Тошо Велков Пепето“ Кавадарци**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлука за донесување на измена и дополнување на Статут на ООУ „Тошо Велков Пепето“ Кавадарци со арх.бр.02-102/8, донесена од Училишен Одбор на ООУ„Тошо Велков Пепето“ Кавадарци “ Кавадарци, на седница одржана на ден 04.05.2022 година.

**Член 2**

Одлуката влегува сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци" .

Бр.08- 3418/17
31.05.2022 година
К а в а д а р ц и

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
д-р Стојанчо Рамов

ООУ ТОШО ВЕЛКОВ-ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ
Примено: 02.06.2022
Орг.единица | Број | Прилог | Вредност
01 - 1331/1
Архивски знак 03
Рок на чување
31. 8. 2022

Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ТОШО ВЕЛКОВ - ПЕПЕТО
Бр. 01 - 102/8
04.05 2022
КАВАДАРЦИ

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА

# С Т А Т У Т О Т

**НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

# „ ТОШО ВЕЛКОВ - ПЕПЕТО “

# Кавадарци

со дел бр. 01-102/8 од 2022 година

**04.05. 2022 година**

Република Северна Македонија
Општинско Основно Училиште
ТОШО ВЕЛКОВ - ПЕПЕТО
Бр. 01 - 102/8
01.05 2022
КАВАДАРЦИ

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА

# С Т А Т У Т О Т

**НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ**

# „ ТОШО ВЕЛКОВ - ПЕПЕТО “

# Кавадарци

со дел бр. 01-102/8 од 2022 година

**04.05. 2022 година**